Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

**2207.**

Врз основа на член 383 став (1) точка 4) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18), Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост – Скопје, на седницата одржана на 9 јули 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РАБОТЕЊЕТО НА ЧЛЕНОТ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ ЗА 2018 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука се одобрува работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост - Скопје за 2018 година и тоа:

- Светлана Тодоровска - неизвршен член на Одборот на директори.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-4187/6
9 јули 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**2208.**

Врз основа на член 29-а став 2 од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16, 53/16 и 193/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 9 јули 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ НА КАНАБИС ЗА МЕДИЦИНСКИ ЦЕЛИ НА ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ КАНАБИНОИД ДОО КУМАНОВО**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги КАНАБИНОИД ДОО Куманово со број 19-248/3 од 6.6.2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-4320/1<br>9 јули 2019 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>д-р **Кочо Анѓушев,** с.р. |

**2209.**

Врз основа на член 42 став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 9 јули 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ ВРШИ ДЕЈНОСТ ИЛИ ПОСЕДУВА ДОЗВОЛА ЗА СОБИРАЊЕ И/ИЛИ ТРАНСПОРТИРАЊЕ, ПРЕРАБОТКА, РЕЦИКЛИРАЊЕ И УНИШТУВАЊЕ НА ОТПАД**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Јавното претпријатие за државни патишта да спроведе постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, на движни ствари – опрема кои се дотраени, неупотребливи и технолошко застарени и не можат да се продадат или разменат, како такви, согласно Одлуката за отпис – расходување на основни средства за 2018 година бр. 02-2277/5 од 22.2.2019 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-4537/1<br>9 јули 2019 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>д-р **Кочо Анѓушев,** с.р. |

**2210.**

Врз основа на член 8 став (3) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 25 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ ОД ПРЕМЕРОТ ВО ФУНКЦИЈА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА НЕДВИЖНОСТИ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија и тоа премер за браната Петрешевац со придружните објекти (прелив, темелен испуст, зафат за наводнување) и акумулацијата на браната Петрешевац кои се наоѓаат на КП бр. 2543/200, КП бр. 2541, КП бр. 2561, КП бр. 2556/2, КП бр. 2568, КП бр.2562/200, КП бр.2531, КП бр.2533, КП бр. 2558/200, КП бр.2532, КП бр.2559, КП бр.2537/200, КП бр.2530, КП бр.2529/200, КП бр.2566/200, КП бр.2563, КП бр.2542/200, КП бр.2554, КП бр.2540/2, КП бр.2606, КП бр.2528/200, КП бр.2565/200, КП бр.2560, КП бр.2553, КП бр.2564 и КП бр.2555 во КО Стамер, Општина Делчево.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-4651/1<br>25 јуни 2019 година<br>Скопје | Претседател на Владата<br>на Република Северна Македонија,<br>**Зоран Заев,** с.р. |

**2211.**

Врз основа на член 100 став (6) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата оддржана на 9 јули 2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОМЕНА /ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЈНОСТ НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА „ЗДРАВСТВЕН ДОМ НА СКОПЈЕ“ - СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за промена/дополнување на дејност на Јавната здравствена установа „Здравствен дом на Скопје“ - Скопје број 02-1699/5 од 15.05.2019 година, донесена од Управниот одбор на Јавната здравствена установа „Здравствен дом на Скопје“ - Скопје, на седницата, одржана на 15.5.2019 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-4669/1 | Заменик на претседателот |
| 9 јули 2019 година | на Владата на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | д-р **Кочо Анѓушев,** с.р. |

---

**2212.**

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 9 јули 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА А4 - ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ, КО МИРКОВЦИ, ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А4 - времено сместување, КО Мирковци, Општина Чучер Сандево.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцела бр. | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Кататастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| 2742-дел | Мирковци | Мел | нива | 5 |
| 2743-дел | Мирковци | Мел | нива | 5 |
| Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат: 1081,33 $м^2$ | | | | |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-4882/1 | Заменик на претседателот |
| 9 јули 2019 година | на Владата на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | д-р **Кочо Анѓушев,** с.р. |

---

**2213.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.59/00, 26/01, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 27/14, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 9 јули 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2019 ГОДИНА ЗА ПОДДРШКА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ДЕКАДАТА И СТРАТЕГИЈАТА ЗА РОМИТЕ**

Член 1

Со оваа одлука се врши распределба на 20.000.000,00 денари од планираните средства во Буџетот на Република Македонија за 2019 година, раздел 13001 –Министерство за транспорт и врски, програма 1 – Администрација, Подпрограма 11 – Поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите.

Член 2

1. Во Општина Ресен се распределуваат 1.100.000,00 денари од средствата, за проекти од комуналната инфраструктура во Ресен.
2. Во Општина Гостивар се распределуваат 2.116.489.00 денари од средствата за изградба на фекална канализација и поставување на бекатон плочки на постојна траса (населба Бањешница) л = 250 м.
3. Во Општина Тетово се распределуваат 2.820.674,00 денари од средствата за изградба на фекална канализација во дел на ул. Иво Рибар Лола (поранешна Орце Николов) и реконструкција на дел од ул. Иво Рибар Лола.
4. Во Општина Кичево се распределуваат 1.652.679,00 денари од средствата за изградба на крак 1 и крак 2 од ул. Струшка.
5. Во Општина Битола се распределуваат 2.279.847,00 денари од средствата за реконструкција на дел од ул. Љубојно.
6. Во Општина Берово се распределуваат 3.148.216,00 денари од средствата за изградба и реконструкција на дел од ул. Прохор Пчински.
7. Во Општина Шуто Оризари се распределуваат 6.882.095,00 денари од средствата за реконструкција и подобрување на улица Мелничка.

Член 3

Средствата се обезбедени во буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2019 на сметка 130010025663718, Потпрограма 11-Поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС.

Член 4

Се задолжува Министерството за транспорт и врски средствата од член 2 на оваа одлука да ги префрли на посебна наменска сметка и тоа :

1. 1.100.000,00 денари на Општина Ресен за проекти од комуналната инфраструктура во Ресен.
2. 2.116.489.00 денари на Општина Гостивар за изградба на фекална канализација и поставување на бекатон плочки на постојна траса (населба Бањешница) л = 250 м.
3. 2.820.674,00 денари на Општина Тетово за изградба на фекална канализација во дел на ул. Иво Рибар Лола (Орце Николов) и реконструкција на дел од ул.Иво Рибар Лола.

4. 1.652.679,00 денари на Општина Кичево за изградба на крак 1 и крак 2 од ул. Струшка.

5. 2.279.847,00 денари на Општина Битола за реконструкција на дел од ул.Љубојно.

6. 3.148.216,00 денари на Општина Берово за изградба и реконструкција на дел од ул. Прохор Пчински.

7. 6.882.095,00 денари на Општина Шуто Оризари за реконструкција и подобрување на улица Мелничка.

Член 5

Општините да доставaт извештај еднаш годишно за наменското користење на средствата до Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија.

Општините распределените средства треба да ги искористат за намената предвидена во член 2 од оваа одлука, во спротивно општините имаат обврска да ги вратат и уплатат средствата во Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-5117/1 — Претседател на Владата
9 јули 2019 година — на Република Северна Македонија,
Скопје — **Зоран Заев,** с.р.

---

**2214.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 9 јули 2019 година донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ОПШТИНА БЕРОВО

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за финансии му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

| Реден број | Опис на движна ствар | Моќност (kw) | Количина | Инвентарен број |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Фотоволтаичен соларен систем | 5 | 1 | 22156 |
| 2 | Фотоволтаичен соларен систем | 10 | 1 | 22157 |
| 3 | Фотоволтаичен соларен систем | 30 | 1 | 22260 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење, без надоместок на Општина Берово.

Член 3

Министерот за финансии склучува договор со градоначалникот на Општина Берово, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-5238/1 — Заменик на претседателот
9 јули 2019 година — на Владата на Република
Скопје — Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

---

**2215.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 9 јули 2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ОПШТИНА КАРБИНЦИ

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за финансии му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

| Реден број | Опис на движна ствар | Моќност (kw) | Количина | Инвентарен број |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Фотоволтаичен соларен систем | 15 | 1 | 22169 |
| 2 | Фотоволтаичен соларен систем | 15 | 1 | 22170 |
| 3 | Фотоволтаичен соларен систем | 15 | 1 | 22171 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење, без надоместок на Општина Карбинци.

Член 3

Министерот за финансии склучува договор со градоначалникот на Општина Карбинци, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-5239/1 — Заменик на претседателот
9 јули 2019 година — на Владата на Република
Скопје — Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

**2216.**

Врз основа на член 2 став 3 и член 18 од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр.36/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/91, 23/97, 37/2005, 84/2005, 121/2007, 161/2008, 92/2009, 42/2010, 97/2010, 162/2010, 11/2012, 145/2012, 170/2013, 139/2014 и 233/2018) и член 97 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2015), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 9 јули 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КОЕФИЦИЕНТИ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТАТА НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ КОИ ГИ ИМЕНУВА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

1. Во член 1 од Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/2005, 71/2005, 2/2006, 8/2006, 46/2006, 18/2007, 94/2007, 103/2007, 126/2007, 138/2007, 39/2008, 137/2008, 154/2008, 63/2009, 76/2009, 144/2009, 39/2010, 63/2010, 158/2010, 5/2011, 75/2011, 133/2011, 70/2012, 82/2012, 161/2012, 172/2013, 16/2014, 21/2014, 99/2014, 116/2014, 152/2015, 161/2015, 218/2015, 19/2016, 71/2016, 189/2016, 126/2017, 102/2018, 108/2018, 209/2018, 234/2018, 73/2019 и 139/2019), во табелата:

- во алинејата – „директор на Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија – коефициентот 3,3 се заменува со коефициент „4,0“.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува од 11 јуни 2019 година.

Бр. 24-5448/1
9 јули 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**2217.**

Врз основа на член 100 став (6) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата оддржана, на 9 јули 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОМЕНА /ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЈНОСТА НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ „Д-Р ПАНЧЕ КАРАЃОЗОВ“ - ШТИП**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за промена/дополнување на дејноста на Јавната здравствена установа Здравствен дом „д-р Панче Караѓозов“ Штип број 02-560/5 од 10.6.2019 година, донесена од Управниот одбор на Јавната здравствена установа Здравствен дом „д-р Панче Караѓозов“ - Штип, на седницата одржана на 10.06.2019 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-4670/1
9 јули 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**2218.**

Врз основа на член 182 став 4 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19), министерот за труд и социјална политика донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈУ ЗАВОД ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ-СКОПЈЕ**

1. Се дава согласност на Статутот на Јавната Установа Завод за рехабилитација на деца и младинци-Скопје бр. 03-491/1, донесен од Управниот одбор на Јавната установа, на седницата одржана на 12.7.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 04-5153/2
12 јули 2019 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Мила Царовска**, с.р.

---

**2219.**

Врз основа на член 182 став 4 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19), министерот за труд и социјална политика донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ-СКОПЈЕ**

1. Се дава согласност на Статутот на Јавната Установа Завод за социјални дејности-Скопје бр. 01-504, донесен од Управниот одбор на Јавната установа, на седницата одржана на 15.7.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 04-5170/2 | Министер за труд |
| 15 јули 2019 година | и социјална политика, |
| Скопје | **Мила Царовска**, с.р. |

## СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2220.**

Судскиот совет на Република Северна Македонија, постапувајќи согласно член 73 став 1 алинеја 3 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и 198/18 ) а в.в. со член 26 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Службен весник на РСМ“ бр. 96/2019) и член 54 став 1 точка 3 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр. 102/2019) на ден 17.7.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на судиската функција на Ленка Соколовска, судија на Основниот суд Куманово, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Решението влегува во сила од 18.7.2019 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 02-1220/2 | Судски совет на Република |
| 18 јули 2019 година | Северна Македонија |
| Скопје | Претседател, |
| | **Киро Здравев,** с.р. |

## КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2221.**

Врз основа на член 150 б и член 184 став 1 точки а и в од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016 и 83/2018), Комисијата за хартии од вредност на на Република Северна Македонија на својата седница одржана на 8.7.2019 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Лицето Бисера Спасов од Скопје, го губи правото на полагање на посебниот стручен испит за инвестиционо советување од 5-тата обука во организација на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, заради изминување на 2 години од денот на издаденото решение за полагање на стручниот испит за инвестиционо советување.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

3. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Број УП1/РА 09-30 | Комисија за хартии од вредност |
| 8 јули 2019 година | на Република Северна Македонија |
| Скопје | Претседател, |
| | м-р **Нора Алити,** с.р. |

**2222.**

Врз основа на член 150 б и член 184 став 1 точки а и в од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016 и 83/2018), Комисијата за хартии од вредност на на Република Северна Македонија на својата седница одржана на 8.7.2019 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Лицето Ивица Додевски од Куманово, го губи правото на полагање на посебниот стручен испит за инвестиционо советување од 6-тата обука во организација на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, заради изминување на 2 години од денот на издаденото решение за полагање на стручниот испит за инвестиционо советување.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

3. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Број УП1/РА 09-31 | Комисија за хартии од вредност |
| 8 јули 2019 година | на Република Северна Македонија |
| Скопје | Претседател, |
| | м-р **Нора Алити,** с.р. |

**2223.**

Врз основа на член 150 б и член 184 став 1 точки а и в од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016 и 83/2018), Комисијата за хартии од вредност на на Република Северна Македонија на својата седница одржана на 8.7.2019 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Лицето Игор Тасевски од Скопје, го губи правото на полагање на посебниот стручен испит за инвестиционо советување од 3-тата обука во организација на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, заради изминување на 2 години од денот на издаденото решение за полагање на стручниот испит за инвестиционо советување.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

3. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Број УП1/РА 09-32
8 јули 2019 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

---

**2224.**

Врз основа на член 150 б и член 184 став 1 точки а и в од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016 и 83/2018), Комисијата за хартии од вредност на на Република Северна Македонија на својата седница одржана на 8.7.2019 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Лицето Мартин Дукоски од Скопје, го губи правото на полагање на посебниот стручен испит за инвестиционо советување од 4-тата обука во организација на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, заради изминување на 2 години од денот на издаденото решение за полагање на стручниот испит за инвестиционо советување.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

3. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Број УП1/РА 09-33
8 јули 2019 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

---

**2225.**

Врз основа на член 150 б и член 184 став 1 точки а и в од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016 и 83/2018), Комисијата за хартии од вредност на на Република Северна Македонија на својата седница одржана на 8.7.2019 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Лицето Стојче Стаменковски од Скопје, го губи правото на полагање на посебниот стручен испит за инвестиционо советување од 4-тата обука во организација на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, заради изминување на 2 години од денот на издаденото решение за полагање на стручниот испит за инвестиционо советување.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

3. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Број УП1/РА 09-34
8 јули 2019 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

---

**2226.**

Врз основа на член 150 б и член 184 став 1 точки а и в од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016 и 83/2018), Комисијата за хартии од вредност на на Република Северна Македонија на својата седница одржана на 8.7.2019 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Лицето Славчо Филипчев од Скопје, го губи правото на полагање на посебниот стручен испит за инвестиционо советување од 5-тата обука во организација на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, заради изминување на 2 години од денот на издаденото решение за полагање на стручниот испит за инвестиционо советување.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

3. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Број УП1/РА 09-35
8 јули 2019 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

---

**2227.**

Врз основа на член 150 б и член 184 став 1 точки а и в од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016 и 83/2018), Комисијата за хартии од вредност на на Република Северна Македонија на својата седница одржана на 8.7.2019 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Лицето Оливера Арсовска од Скопје, го губи правото на полагање на посебниот стручен испит за инвестиционо советување од 5-тата обука во организација на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, заради изминување на 2 години од денот на издаденото решение за полагање на стручниот испит за инвестиционо советување.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

3. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Број УП1/РА 09-36
8 јули 2019 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

---

**2228.**

Врз основа на член 150 б и член 184 став 1 точки а и в од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016 и 83/2018), Комисијата за хартии од вредност на на Република Северна Македонија на својата седница одржана на 8.7.2019 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Лицето Јован Дојчиновски од Скопје, го губи правото на полагање на посебниот стручен испит за инвестиционо советување од 3-тата обука во организација на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, заради изминување на 2 години од денот на издаденото решение за полагање на стручниот испит за инвестиционо советување.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

3. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Број УП1/РА 09-37
8 јули 2019 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

---

**2229.**

Врз основа на член 150 б и член 184 став 1 точки а и в од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016 и 83/2018), Комисијата за хартии од вредност на на Република Северна Македонија на својата седница одржана на 8.7.2019 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Лицето Кирил Макрески од Скопје, го губи правото на полагање на посебниот стручен испит за инвестиционо советување од 6-тата обука во организација на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, заради изминување на 2 години од денот на издаденото решение за полагање на стручниот испит за инвестиционо советување.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

3. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Број УП1/РА 09-38
8 јули 2019 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

---

**2230.**

Врз основа на член 150 б и член 184 став 1 точки а и в од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016 и 83/2018), Комисијата за хартии од вредност на на Република Северна Македонија на својата седница одржана на 8.7.2019 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Лицето Кирил Стојановски од Скопје, го губи правото на полагање на посебниот стручен испит за инвестиционо советување од 3-тата обука во организација на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, заради изминување на 2 години од денот на издаденото решение за полагање на стручниот испит за инвестиционо советување.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

3. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Број УП1/РА 09-39
8 јули 2019 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2231.**

Врз основа на член 191, став (4) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 7, став (1) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 116/19), а постапувајќи по Барањето за донесување на решение за стекнување на привремен статус на повластен производител бр. УП1 бр. 08-51/19 од 20 јуни 2019 година на Друштвото за производство на електрична енергија МХЕЦ ЕХЛОЕЦ ДОО Скопје, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 15 јули 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ**

1. На Друштвото за производство на електрична енергија МХЕЦ ЕХЛОЕЦ ДОО Скопје, со седиште на ул. Никола Парапунов бр.41, Скопје - Карпош, му се издава решение за стекнување на привремен статус на повластен производител за хидроелектроцентралата МХЕ Ехлоец со реф.бр.51 со планирана моќност од 786 kW и со локација на водослив на река Треска, КО Ехлоец, Општина Кичево.

2. Податоци за носителот на решението:

- назив и седиште: Друштво за производство на електрична енергија МХЕЦ ЕХЛОЕЦ ДОО Скопје, со седиште на ул. Никола Парапунов бр.41, Скопје - Карпош;
- единствен регистарски број на електроцентралата: PP-SH-237;
- назив на електроцентралата: хидроелектроцентрала МХЕ Ехлоец со реф.бр.51;
- податоци за локација на електроцентралата: на водослив на река Треска, КО Ехлоец, Општина Кичево;
- планирана моќност на електроцентралата: 786 kW (согласно Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи МХЕЦ ЕХЛОЕЦ со реф. бр.51 склучен помеѓу Министерството за животна средина и просторно планирање бр.11-4181/1 од 4.5.2015 година и Друштвото за производство на електрична енергија МХЕЦ ЕХЛОЕЦ ДОО Скопје со бр. 03-13/1-2015 од 4.5.2015 година и Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ ЕХЛОЕЦ со реф. бр. 51 со концесионерот МХЕЦ ЕХЛОЕЦ ДОО Скопје, бр.11-4181/1 од 4.5.2015 година, со бр. 11-3275/1 од 22.5.2018 година);
- планирано годишно производство на електрична енергија од електроцентралата: 2.430.000 kWh;
- рок во кој електроцентралата треба да биде пуштена во употреба: 26.9.2019 година;
- датум на престанок на важење на ова решение: 26.9.2019 година.

3. Носителот на ова решение може да поднесе барање до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за продолжување на важноста на ова решение во постапка утврдена во член 10 од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа.

4. Носителот на ова решение е должен да ја извести Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за секоја статусна промена, промена во сопственичката структура, промена на техничко-технолошкото работење и промена во формата, називот и седиштето, наведени во ова решение, согласно член 9 од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа.

5. Со денот на влегување во сила на ова решение, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија го запишува носителот на ова решение и електроцентралата во Регистарот на повластени производители коишто користат повластена тарифа.

6. Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија го доставува ова решение до барателот, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, Операторот на пазарот на електрична енергија и Операторот на електродистрибутивниот систем.

7. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

УП1 бр. 08-51/19
15 јули 2019 година
Скопје

Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

---

**2232.**

Врз основа на член 191, став (4) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 7, став (1) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 116/19), а постапувајќи по Барањето за донесување на решение за стекнување на привремен статус на повластен производител бр. УП1 бр. 08-52/19 од 21 јуни 2019 година на Друштвото за производство на електрична енергија БАРТ ЕНЕРЏИ ДОО Тетово, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 15 јули 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ**

1. На Друштвото за производство на електрична енергија БАРТ ЕНЕРЏИ ДОО Тетово, со седиште на ул. Благоја Тоска бр.2, Тетово, му се издава решение за стекнување на привремен статус на повластен производител за хидроелектроцентралата МХЕЦ Градиште со планирана моќност од 571 kW и со локација на водосливот на река Вардар/Горен Вардар, КО Јегуновце, општина Јегуновце.

2. Податоци за носителот на решението:

- назив и седиште: Друштво за производство на електрична енергија БАРТ ЕНЕРЏИ ДОО Тетово, со седиште на ул. Благоја Тоска бр.2, Тетово;
- единствен регистарски број на електроцентралата: PP-SH-238;
- назив на електроцентралата: хидроелектроцентрала МХЕЦ Градиште;
- податоци за локација на електроцентралата: на водослив на река Вардар/Горен Вардар, КО Јегуновце, општина Јегуновце;

- планирана моќност на електроцентралата: 571 kW (согласно Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи МХЕЦ Градиште, МХЕЦ Дворце, склучен помеѓу Министерството за животна средина и просторно планирање бр.11-691/1 од 25.1.2018 година и Друштвото за производство на електрична енергија БАРТ ЕНЕРЏИ ДОО Скопје со бр. 0307-1/1 од 29.1.2018 година);

- планирано годишно производство на електрична енергија од електроцентралата: 4.165.000 kWh;

- рок во кој електроцентралата треба да биде пуштена во употреба: 25.1.2021 година;

- датум на престанок на важење на ова решение: 25.1.2021 година.

3. Носителот на ова решение може да поднесе барање до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за продолжување на важноста на ова решение во постапка утврдена во член 10 од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа.

4. Носителот на ова решение е должен да ја извести Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за секоја статусна промена, промена во сопственичката структура, промена на техничко-технолошкото работење и промена во формата, називот и седиштето, наведени во ова решение, согласно член 9 од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа.

5. Со денот на влегување во сила на ова решение, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија го запишува носителот на ова решение и електроцентралата во Регистарот на повластени производители коишто користат повластена тарифа.

6. Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија го доставува ова решение до барателот, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, Операторот на пазарот на електрична енергија и Операторот на електродистрибутивниот систем.

7. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

УП1 бр. 08-52/19
15 јули 2019 година
Скопје

Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

---

**2233.**

Врз основа на член 191, став (4) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 7, став (1) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 116/19), а постапувајќи по Барањето за донесување на решение за стекнување на привремен статус на повластен производител бр. УП1 бр. 08-53/19 од 21 јуни 2019 година на Друштвото за производство на хидроелектрична енергија АК ХИДРО 2016 ДООЕЛ Тетово, Shoqëri për prodhimin e energjisë hidroelektrike AK HIDRO 2016 SHPKNJP Tetovë, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 15 јули 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ**

1. На Друштвото за производство на хидроелектрична енергија АК ХИДРО 2016 ДООЕЛ Тетово, Shoqëri për prodhimin e energjisë hidroelektrike AK HIDRO 2016 SHPKNJP Tetovë, со седиште на ул. Браќа Миладинови бр.402, Тетово, му се издава решение за стекнување на привремен статус на повластен производител за хидроелектроцентралата МХЕЦ Вејачка со планирана моќност од 1319 kW и со локација на водослив на река Вејачка, КО Вејце, КО Бродец, општина Тетово.

2. Податоци за носителот на решението:

- назив и седиште: Друштво за производство на хидроелектрична енергија АК ХИДРО 2016 ДООЕЛ Тетово, Shoqëri për prodhimin e energjisë hidroelektrike AK HIDRO 2016 SHPKNJP Tetovë, со седиште на ул. Браќа Миладинови бр.402, Тетово;

- единствен регистарски број на електроцентралата: PP-SH-239;

- назив на електроцентралата: хидроелектроцентрала МХЕЦ Вејачка;

- податоци за локација на електроцентралата: на водослив на река Вејачка, КО Вејце, КО Бродец, општина Тетово;

- планирана моќност на електроцентралата: 1319 kW (согласно Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа МХЕЦ Вејачка склучен помеѓу Министерството за животна средина и просторно планирање бр.11-2142/1 од 26.3.2018 година и Друштвото за производство на хидроелектрична енергија АК ХИДРО 2016 ДООЕЛ Тетово, Shoqëri për prodhimin e energjisë hidroelektrike AK HIDRO 2016 SHPKNJP Tetovë со бр. 0307/001 од 26.3.2018 година);

- планирано годишно производство на електрична енергија од електроцентралата: 5.136.670 kWh;

- рок во кој електроцентралата треба да биде пуштена во употреба: 26.3.2021 година;

- датум на престанок на важење на ова решение: 26.3.2021 година.

3. Носителот на ова решение може да поднесе барање до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за продолжување на важноста на ова решение во постапка утврдена во член 10 од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа.

4. Носителот на ова решение е должен да ја извести Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за секоја статусна

промена, промена во сопственичката структура, промена на техничко-технолошкото работење и промена во формата, називот и седиштето, наведени во ова решение, согласно член 9 од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа.

5. Со денот на влегување во сила на ова решение, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија го запишува носителот на ова решение и електроцентралата во Регистарот на повластени производители коишто користат повластена тарифа.

6. Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија го доставува ова решение до барателот, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, Операторот на пазарот на електрична енергија и Операторот на електродистрибутивниот систем.

7. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

УП1 бр. 08-53/19
15 јули 2019 година
Скопје

Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

---

**2234.**

Врз основа на член 191, став (4) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 7, став (1) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 116/19), а постапувајќи по Барањето за донесување на решение за стекнување на привремен статус на повластен производител бр. УП1 бр. 08-58/19 од 1 јули 2019 година на Друштвото за производство на електрична енергија МАКБЕЛ ХИДРО ДОО Охрид, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 15 јули 2019 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ

1. На Друштвото за производство на електрична енергија МАКБЕЛ ХИДРО ДОО Охрид, со седиште на ул. 7-ми Ноември бр. 187 Охрид, му се издава решение за стекнување на привремен статус на повластен производител за хидроелектроцентралата МХЕЦ Караниколос со реф бр.80 со планирана моќност од 1200 kW и со локација на водосливот на река Пена, КО Вешала, општина Тетово.

2. Податоци за носителот на решението:

- назив и седиште: Друштво за производство на електрична енергија МАКБЕЛ ХИДРО ДОО Охрид, со седиште на ул. 7-ми Ноември бр. 187 Охрид;
- единствен регистарски број на електроцентралата: PP-SH-240;
- назив на електроцентралата: хидроелектроцентрала МХЕЦ Караниколос со реф бр.80;
- податоци за локација на електроцентралата: на водослив на река Пена, КО Вешала, општина Тетово;
- планирана моќност на електроцентралата: 1200 kW (согласно Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа МХЕЦ Караниколос склучен помеѓу Министерството за животна средина и просторно планирање бр.11-692/1 од 25.1.2018 година и Друштвото за производство на електрична енергија МАКБЕЛ ХИДРО ДОО Охрид);
- планирано годишно производство на електрична енергија од електроцентралата: 3.206.000 kWh;
- рок во кој електроцентралата треба да биде пуштена во употреба: 25.1.2021 година;
- датум на престанок на важење на ова решение: 25.1.2021 година.

3. Носителот на ова решение може да поднесе барање до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за продолжување на важноста на ова решение во постапка утврдена во член 10 од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа.

4. Носителот на ова решение е должен да ја извести Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за секоја статусна промена, промена во сопственичката структура, промена на техничко-технолошкото работење и промена во формата, називот и седиштето, наведени во ова решение, согласно член 9 од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа.

5. Со денот на влегување во сила на ова решение, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија го запишува носителот на ова решение и електроцентралата во Регистарот на повластени производители коишто користат повластена тарифа.

6. Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија го доставува ова решение до барателот, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, Операторот на пазарот на електрична енергија и Операторот на електродистрибутивниот систем.

7. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

УП1 бр. 08-58/19
15 јули 2019 година
Скопје

Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2019 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.

ISSN 0354-1622

2019147